**РУДПРОИНГ-МУСТАКАС ДООЕЛ**

| | | |
|---|---|---|
| **ТЕХНИЧКИ ЛИСТ НА ПРОИЗВОДОТ** | **Издание: 1**<br>**Верзија: 0** | **Датум: 03.06.2019** |
| **EKOFIX 19** | | сертификат |

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДОТ И НА КОМПАНИЈАТА

Трговско име на производот: EkoFix 19
Производувач: Рудпроинг-Мустакас ДООЕЛ
Македонски Брод
тел.0038945275008 / 0038970223028
e-mail:contact@rudproing.com.mk




## 2. ОПИС И ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

EkoFix 19 е цементно лепило наменето за лепење на впивливи зидни и подни керамички плочки за внатрешна употреба. Се користи за лепење на впивливи керамички плочки со стандарден формат. EkoFix 19 према стандардот **EN 12004** се вбројува во групата **C1.**

## 3. СОСТАВ

Хемиски состав: Сив портланд цемент, адитиви и минерално полнило.
Опасни состојки: Во склад со Регулативата ЕС, No. 1272/2008 за класификација, пакување и обележување на опасни супстанци и смеси за кои во законодавството е уведен CLP/GHS систем за класификација и обележување, компонента во системот бел портланд цемент претставува опасен компонент, па производот е разврстен во опасни производи со ознака: Опасност.

## 4. ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| | |
|---|---|
| **Насипна маса, (g/dm³)** | 1100-1200 |
| Адхезиона цврстина, (Mpa) (EN 1348) | |
| -почетна | ≥ 1 (према EN 12004) |
| -после стоење во вода | ≥ 1 (према EN 12004) |
| -после темперарурно стареење | ≥ 1 (према EN 12004) |
| -после циклус на одмрзнување/замрзнување | ≥ 1 (према EN 12004) |

| | |
|---|---|
| Адхезиона цврстина после 30 min.<br>Отворено време, (Mpa) (EN 1346) | ≥ 0,5 |
| Ramkovna potro[uva~ka, (kg/m²) | 3-5 зависно од подлогата и од дебелината на нанесување. |
| Пакување, (kg) | 25 |

## 5. ОСТАНАТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| | |
|---|---|
| **Изглед** | бел прав |
| **pH** вредност на влажен лепак | 12 |

EKODOM

**РУДПРОИНГ-МУСТАКАС ДООЕЛ**

| | | |
|---|---|---|
| **ТЕХНИЧКИ ЛИСТ НА ПРОИЗВОДОТ** | **Издание: 1**<br>**Верзија: 0** | **Датум: 03.06.2019** |
| **EKOFIX 19** | | сертификат |

## 6. ПОДЛОГА ЗА НАНЕСУВАЊЕ

Подлогата на која се нанесува лепакот мора да биде цврста,чиста и сува. Подлоги на кои може да се нанесува лепакот се сите површини од цементно - варови малтери, бетонски површини, гипс-картонски плочи и сл. Пополнување на нерамнини од 5-6 mm може да се направи со лепило EkoFix 19 пред лепење на плочките. Пополнување на поголеми длабнатини и нерамнини трба да се направи со малтер ,,EkoMal 20,,. Пред да се лепат плочките препорачливо е да се направи премачкување со ,,EkoPrajmer -SA20,,. Во случај на стари и нерамномерно впивливи подлоги, како и во случај на порозни и високо впивливи подлоги, неопходно е да се премачка подлогата со ,,EkoPrajmer SA-20,, min. 4 часа пред почеток со лепење на плочките. EkoFix 19 не е погоден за употреба на површини премачкани со хидроизолација.

## 7. ПРИПРЕМА И НАНЕСУВАЊЕ

Припремање на лепакот се врши со постепено додавање во 6 литри вода 25kg лепак, со константно мешање со ектрична мешалка до потполна хомогенизација на смесата. Така припремената смеса треба да одстои 10 min. Потоа повторно се промешуваи по потреба се додава вода до добивање на посакуваната конзистенција на лепакот. Лепакот се нанесува со назабена глетарка на подлогата на која се лепи. Обично се користи глетарка со длабина на забите 4 mm-6 mm. при лепење на нормални керамички плочки со големина од 10 cm - 25 cm. За лепење на плочки со поголеми димензии се користи алат со поголема длабина на запците, додека во случај на лепење на мозаик и помали плочки потребно е да се користи алат со помали запци. Плочките треба да се втиснуваат во слој лепак на подлогата. При нанесување на лепак треба да се води сметка min.65% од површината на плочката да биде покриена со лепак во случај на внатрешна употреба. Отворено време на нанесен лепак при нормални услови (T=+23°C, 50-60% r.v.v) изнесува 30 min. Према овие карактеристики треба да се планира површината за нанесување на лепак при вградување. Плочките треба да се вградуваат додека лепакот е свеж (пред да формира коричка). Наведеното отворено време доста се скратува во услови на зголемени температури, поголемо впивливи површини при ветар и сл. Во случај на работа со високо впивливи плочки потребно е претходно да се потопат во вода. Припремената маса за лепење е употреблива околу 2h, зависно од условите при вградување. Температурата на воздухот и подлогата при вградување треба да биде во границите од +5°C до +25°C. Висока влажност и ниски температури може да го продолжат времето на сушење на лепакот. Време на сушење на лепакот во нормални услови до лесно
пешачко оптоварување и фугирање изнесува 24h. Време на сушење во нормални услови до потполно оптоварување изнесува 7 дена.

## 8. ОДРЖУВАЊЕ НА АЛАТОТ

Алатот што се користи одма треба детално да се испере со вода. Доколку алатот не се опере одма по употреба, стврднатите остатоци од материјал треба механички да се отстранат.

## РАКУВАЊЕ И УСКЛАДИШТУВАЊЕ

Материалот да се пренесува во затворени вреќи. При работа треба да се осигура добро проветрување ако се користи во затворени простории. При работа со мокар лепак треба да се заштитат очите и кожата поради алкална реакција. Да не биде на дофат на деца.
Материјалот се ускладиштува во суви простории на палети, заштитено од влага.

## 10. ЛИЧНА ЗАШТИТА

**Заштита на дишните патишта :** Во случај на јако прашење да се користи заштитна маска.
**Заштита на рацете и телото:** Да се користат заштитни ракавици. После секое прекинување со работа обавезно да се измијат рацете со вода. Да се користи одело со долги ракави и ногавици.
**Заштита на очите:** Da se koristat za[titni nao~ari za za[tita od pra[ina i mokar lepak.

## 11. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОПИСИТЕ

Во склад со регулативата (EC) No 1272/2008 за класификација, пакување и обележување на опасни супстанции и смеси за кои е со закон уведен CLP/GHS систем на класификација и обележување, компонентата во системот црн портланд цемент претставува композит, па производот се разврстува во опасни производи со ознака: Опасност !



Иритација на кожата: Категорија 2; H315
Сензибилност на кожата: Категорија 1; H317
ешко оштетување на око: Категорија 1; H318
Специфична токсичност на специфичен орган:
Еднократна изложеност, иритација на респираторни органи: Категорија3; H335

**H-Ознаки:**

H315 Предизвикува иритација на кожата.
H317 Може да предизвика алергиска рекција на кожата.
H318 Доведува до тешко оштетување на окото.
H335 Може да предизвика иритација на респираторните органи.

**P-ознаки:**

P280: Да се носат заштитни ракавици, заштитно одело, заштитни наочари, заштитни наочари, заштита за лице.
P302+P352 АКО ДОЈДЕ ДО КОЖА: Да се опере со сапун и вода.
P333+P313 АКО ДОЈДЕ ДО ИРИТАЦИЈА НА КОЖА ИЛИ ОСИП: Да се побара медицински совет.
P305+P351+P338 АКО ВЛЕЗЕ ВО ОЧИ: Внимателно да се перат со вода неколку минути.
Да се извадат контактните леќи доколку постојат и доколку тоа е можно да се направи.
Да се продолжи со испирање.

РУДПРОИНГ-МУСТАКАС ДООЕЛ

| ТЕХНИЧКИ ЛИСТ НА ПРОИЗВОДОТ | Издание: 1<br>Верзија: 0 | Датум: 03.06.2019 |
|---|---|---|
| EKOFIX 19 | | сертификат |

P304+P340 АКО СЕ ВДИШИ: Да се изнесе повредената особа на свеж воздух и да се обезбеди одмор во положба што не смета при дишење.

## 12. ЕКОТОКСИЧНИ ИНФОРМАЦИИ

Врз основа на искуството и врз постоечките информации при правилна употреба, не се познати негативни ефекти врз здравјето. Да се спречи неконтролирано испуштање во водени токови поради алкална реакција.

## 13. НАЧИН НА ОДЛАГАЊЕ

Во склад со локалните, регионалните и европските национални прописи.

## 14. ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

Доколку изведувачот при вградувањето на лепакот примети некои естетски или применски недостаток, должен е да прекине со работа и за тоа да го извести производителот. Производителот во најкраток можен рок ќе ја разгледа рекламацијата. Приговорите до производителот после вградување на поголем дел или на комплетната количина на материјал, а се однесуваат на наведените карактеристики не можее да бидат предмет на рекламација.

## 14. ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

„Рудпроинг-Мустакас„ ДООЕЛ врши контрола на производот во сопствена лабараторија, како и редовно испитување во сертифицирани лабаратории. Техничкиот лист е резултат на сопствените сознанија и на досегашните практични искуства. Техничкиот лист на сите корисници треба да им послужи како препорака за постигнување на најдобри резултати. Доколку временските и други услови се поинакви од наведените во упатството, нашите упатства треба да се земат како општи смерници, без гаранција за вградувањето.
„Рудпроинг-Мустакас„ ДООЕЛ не превзема одговорност за штета настаната поради неправилна примена или погрешен избор на производ, како и за неквалитетно изведени работи. Запишаното нас во ништо не ме обврзува.

Датум на изработка: 03.06.2019